Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, кога го испратил во Јемен, му наредил да земе од секои триесет говеда – по едно младо теле, машко или женско;

Муаз, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, кога го испратил во Јемен, му наредил да земе од секои триесет говеда – по едно младо теле, машко или женско; од секои четириесет – по едно возрасно (мусинна). А од секој што достигнал полова зрелост – по еден динар или неговата противвредност во облека од Мафир, што се изработува во Јемен.

[رواه أبو داود والترمذي والنسائي وابن ماجه وأحمد] [صحيح بشواهده]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, го испратил Муаз бин Џебел, Аллах нека е задоволен со него, во Јемен за да ги поучува луѓето и да ги повикува во верата. Меѓу другото, му наредил да зема зекат од муслиманите за нивните говеда – од секои триесет говеда да земе теле, машко или женско, на возраст од една година, а од секои четириесет говеда да земе крава (мусинна) од две години. Исто така, да зема џизија од следбениците на Книгата – евреите и христијаните – по еден динар од секој полнолетен маж, или противвредноста на еден динар во јеменска облека наречена „Мафири“.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/64632